РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-
30.08.2018 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

| Примено: | 31.08.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 594/2 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Музичка интерпретација и композиција; Музички науки и Балетска педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Музичка интерпретација и композиција; Музички науки и Балетска педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје се обрати со барање бр. 09-173/30 од 20.08.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1913 од 23.08.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Музичка интерпретација и композиција; Музички науки и Балетска педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација 1409-143/2 од 27.07.2018 година, 1409-143/3 од 27.07.2018 година и 1409-143/4 од 27.07.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1913 формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 29.08.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1913 година, каде е наведено дека за студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Музичка интерпретација и композиција; Музички науки и Балетска педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti